# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО БРОЈ 4

# СОДРЖИНА


| Ред. број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 3 во село Зелениково, Општина Зелениково" | 3 |
| 2 | Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Регулација и уредување на речното корито на Зелениковска река низ населено место Зелениково, Општина Зелениково" | 4 |
| 3 | Програма за измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општина Зелениково за 2026 година | 6 |
| 4 | Одлука за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе | 7 |
| 5 | Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе | 9 |
| 6 | Одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково | 10 |
| 7 | Одлука за именување на членови на Надзорен одбор во Јавното комунално претпријатие Зелениково | 12 |
| 8 | Одлука за утврдување на надоместокот за членовите на Управен и Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково | 13 |
| 9 | Одлука за трајно користење на движни ствари – опрема за спроведување на GLOBE програмата на ООУ “Марко Цепенков” - Зелениково | 15 |
| 10 | Заклучок со кој се задолжува Градоначалникот да поднесе писмено барање до Јавното претпријатие за државни патишта | 16 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 3 во село Зелениково, Општина Зелениково "

Се објавува Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 3 во село Зелениково, Општина Зелениково", донесена на 9-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/29**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), Советот на Општина Зелениково, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А

за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 3 во село Зелениково, Општина Зелениково"

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Реконструкција на локална улица 3 во село Зелениково, Општина Зелениково", во висина од 15% од обезбедените финансиски средства од страна на Министерството за транспорт, по основ на објавениот Јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт за 2026 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

Точната вредност на сопственото финансиско учество на Општина Зелениково ќе биде утврдена врз основа на висината на прифатената апликација од страна на Министерството за транспорт.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 10-187/1**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Регулација и уредување на речното корито на Зелениковска река низ населено место Зелениково, Општина Зелениково "

Се објавува Одлуката за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Регулација и уредување на речното корито на Зелениковска река низ населено место Зелениково, Општина Зелениково", донесена на 9-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/30**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), Советот на Општина Зелениково, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**за сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Регулација и уредување на речното корито на Зелениковска река низ населено место Зелениково, Општина Зелениково"**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува сопствено финансиско учество на Општина Зелениково за реализирање на проектот "Регулација и уредување на речното корито на Зелениковска река низ населено место Зелениково, Општина

Зелениково", во висина од 35% од обезбедените финансиски средства од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, по основ на објавената Програма за управување со водите за 2026 година (Сл.Весник на РСМ бр.55/26).

Точната вредност на сопственото финансиско учество на Општина Зелениково ќе биде утврдена врз основа на висината на прифатената апликација од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 10-188/1**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02 и “Службен весник на РСМ” број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општина Зелениково за 2026 година

Се објавува Програмата за измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општина Зелениково за 2026 година, донесена на 9-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/31**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02 и „Службен весник на РСМ“ број 202/24) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Советот на Општина Зелениково на седницата одржана на ден 08.04.2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во општина Зелениково за 2026 година**

Во Годишната програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во општина Зелениково, донесена од страна на Советот на Општина Зелениково бр.10-499/1 од 05.12.2025 година, во Глава

III. Изработка на урбанистички проекти, по точка 10 се додаваат 2 нови точки:

- Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба Е1 – сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково
- Урбанистички проект за разработка на урбанистички план за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково

во Глава IV. Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови, по точка 7 се додаваат 2 нови точки:

- За изработка и донесување на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба Е1 – сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково, средствата ќе се обезбедат од лицето подносител на иницијативата.

За изработка и донесување на Урбанистички проект за разработка на урбанистички план за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково, средствата ќе се обезбедат од лицето подносител на иницијативата.

**Број 10-189/1**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе

Се објавува Одлуката за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе, донесена на 9-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/32**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), а во врска со член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ број 79/09 и Службен весник на РСМ број 241/24), Советот на Општина Зелениково на 9-та седница, одржана на ден 08.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Зелениково го утврдува предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе, поднесен од Градоначалникот на Општина Зелениково со број 08-161/1 од 05.03.2026 година, за вршење на работи од страна на Општина Свети Николе за вршење на работите на инспекциски надзор во животната средина.

**Член 2**

Одлуката за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе за вршење на

работите на инспекциски надзор во животната средина, се доставува до Советот на Општина Свети Николе на прифаќање и усвојување.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 08-161/3**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе

Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе, донесена на 9-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/33**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ број 79/09 и Службен весник на РСМ број 241/24), Советот на Општина Зелениково на 9-та седница, одржана на ден 08.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу**
**Општина Зелениково и  Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Свети Николе, заради вршење на работи од страна на Општина Свети Николе за вршење на работите на инспекциски надзор во животната средина.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Зелениково да склучи договор со Градоначалникот на Општина Свети Николе, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 08-161/4**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за именување членови на Управен одбор
на ЈКП Зелениково

Се објавува Одлуката за именување на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково, донесена на 9 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/34**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во согласност со член 17 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Зелениково на 9 - та седница, одржана на ден 08.04.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Управен одбор на ЈКП Зелениково**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на ЈКП Зелениково се именуваат лицата:

1. Татјана Крстевска
2. Габриела Николовска
3. Игор Груевски
4. Благица Јовевска Ѓорѓиевска
5. Наташа Лазова Анчевска

**Член 2**

Членовите на Управниот одбор се именуваат за мандат од 4 години.

**Член 3**

Одлуката за именување на членовите на Управен одбор да се достави до членовите и архивата на ЈКП Зелениково.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-190/1**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор
на ЈКП Зелениково

Се објавува Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор во ЈКП Зелениково, донесена на 9 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/35**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во согласност со член 26 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Зелениково на 9 - та седница, одржана на ден 08.04.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Надзорен одбор на ЈКП Зелениково**

**Член 1**

За членови во Надзорниот одбор на ЈКП Зелениково се именуваат лицата:

1. Марија Давчевска
2. Емилија Продановска
3. Ангела Димовска

**Член 2**

Членовите на Надзорниот одбор се именуваат за мандат од 4 години.

**Член 3**

Одлуката за именување на членовите на Надзорен одбор да се достави до членовите и архивата на ЈКП Зелениково.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-191/1**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на надоместокот за членовите на Управен и Надзорен одбор на ЈКП Зелениково

Се објавува Одлуката за утврдување на надоместокот за членовите на Управен и Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково, донесена на 9 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/36**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во согласност со член 19 став 5 и 6 и член 27 став 8 и 9 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Зелениково на 9 - та седница, одржана на ден 08.04.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за утврдување на надоместокот за членовите на Управен и Надзорен одбор на ЈКП Зелениково**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Зелениково ја утврдува висината на надоместокот за претседателот и членовите во Управниот и Надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково.

**Член 2**

Висината на месечниот надоместокот за претседателот и членовите во Управниот и Надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Зелениково се утврдува врз основа на присуство на седници и тоа:

- 3.000,00 денари за претседател на Управен и Надзорен одбор
- 2.000,00 денари за членови на Управен и Надзорен одбор

**Член 3**

Исплатата на надоместоците од член 2 на оваа Одлука е на товар на Јавното комунално претпријатие.

**Член 4**

Одлуката да се достави до архивата на ЈКП Зелениково.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-192/1**
**Датум 08.04.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02 и „Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за трајно користење на движни ствари – опрема за спроведување на GLOBE програмата на ООУ “Марко Цепенков” - Зелениково

Се објавува Одлуката за трајно користење на движни ствари – опрема за спроведување на GLOBE програмата на ООУ “Марко Цепенков” - Зелениково, донесена на 9-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/37**
**Датум 14.04.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и Службен весник на РСМ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Советот на Општина Зелениково на 9 - та седница, одржана на ден 08.04.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движни ствари – опрема за спроведување на GLOBE програмата на ООУ Марко Цепенков - Зелениково**

**Член 1**

Со оваа Одлука на ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково, му се даваат на трајно користење движните ствари - опрема за спроведување на GLOBE програмата, со следните карактеристики:

| Бр. | Назив на движна ствар | Опис на движна ствар | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Дождомер | Ф.85 мм | 1 |
| 2 | Термометар | Дигитален мин-макс | 1 |
| 3 | Метеоролошка куќичка | Дрвена, со столб и стопа за монтажа | 1 |
| 4 | Влагометар со термометар | Дигитален | 1 |
| 5 | Термометар за почва | Дигитален, убоден | 1 |
| 6 | Барометар | Анероиден | 1 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на Оваа одлука се даваат на трајно користење на ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково без надомест врз основа за Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зелениково бр.50-6119/62 од 20.11.2025 година и Договор за трајно користење склучен помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Зелениково.

**Член 3**

Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Зелениково да го потпише Договорот за трајно користење на движни ствари - опрема за спроведување на GLOBE програмата, со ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-193/1** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 08.04.2026 година** **Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучок

Се објавува Заклучокот со кој се задолжува Градоначалникот да поднесе писмено барање до Јавното претпријатие за државни патишта, донесен на 9 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 08.04.2026 година.

**Број 08-02/38** **Градоначалник**
**Датум 14.04.2026 година** **на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), Советот на Општина Зелениково на 9 – та седница одржана на ден 08.04.2026 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Зелениково да поднесе писмено барање до Јавното претпријатие за државни патишта за санација на оштетувањето на регионалниот пат Р-2131, односно на излезот од с.Студеничани при влез во с.Драчево.
2. Заклучокот стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-194/1** **Совет на Општина Зелениково**
**Датум 08.04.2026 година** **Претседател**
**Миле Димовски с.р**